**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-1568/2**

# З А П И С Н И К

**Од 57-ма седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 15.03.2018 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемдалија-зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Косана Николиќ Мазнева,Илир Рамадани,м-рРисте Панов,Ивана Трајковска, Снежана Клинчарова,Селпин Керим и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека, Анита Латифи и Гајур Рамадани.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Арун Ибраими-заменик директор на МРТ,Горан Атанасов- Директор на заеднички функции и администрација и Виолета Димевска-раководител на одделението за план и анализа.

Седницата започна во 11:10 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 56-та седница на Програмски совет на МРТ.

2. Предлог Одлука за распоредување на добивката по годишна сметка за 2017 година.

3. Разгледување и усвојување на финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2017 година.

4. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2017-31.12.2017 година.

5. Нацрт ревизорски извештај од независен овластен ревизор Ефект плус.

6. Разгледување и доставување на предлози за измена и дополнување на Предлог Законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2018).

**7.**Разно

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 56-та седница на Програмскиот Совет на ЈРП МРТ**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 56-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

Снежана Клинчарова имаше забелешки по однос на нејзиното излагање по точка 4 од Записникот.

Записникот од 56-та седница на Програмскиот Совет на МРТ беше ставен на гласање со нотираните забелешки.

Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 56-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2: Предлог Одлука за распоредување на добивката по годишна сметка за 2017 година.**

Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за план и анализа во МРТ со детално објаснување за значењето на Одлуката која треба да се донесе и дека истата претставува законска обврска.

По расправата Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саракањац ја стави на гласање Предлог – Одлуката за распоредување на добивка по годишна сметка за 2017 година.

Врз основа на член 483 од Законот за трговски друштва (Службен весник. на Р.М.бр.28/04,...138/14), а во врска со член 124, став 1, точка 7 од Законот за аудио аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на РМ бр. 184/13; 13/14; 44/14; 101/14; 132/14), Програмскиот совет на МРТ на 57-ма седница оджана на ден 15.03.2018 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за распоредување на добивката по**
**Годишна сметка за 2017 година**

**1.** Добивката по оданочување од 2017 година во износ од **7.030.752,00** денари,да се распореди за следниве намени во износи:

-Законски резерви во износ од 351.537,00 денари.
-Акумулирана добивка (нераспоредена добивка) во износ од 6.679.215,00 денари.

**2.** Се задолжува Секторот за финансиско работење да ја спроведе оваа Одлука.

**3.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно член 483 од Законот за трговски друштва (Службен весник на Р.М. 28/04...138/14), надлежниот орган на Трговското друштво одлучува за распоредување на добивката , поради што се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Примерок од оваа Одлука да се достави до:

- Сектор за финансиско работење;
- Сектор за правни работи и човечки ресурси ;
- Одделение за планирање и реализација на буџети;
- Внатрешна ревизија;
- Архивата на МРТ.

■ **Предлог-Одлуката за распоредување на добивка по годишна сметка за 2017 година.** беше ставена на гласање

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за распоредување на добивка по годишна сметка за 2017 година **е едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет.

**ТОЧКА 3:Разгледување и усвојување на финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2017 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за план и анализа во МРТ со детално објаснување на целиот Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2017 година.
Потоа свое излагање имаше претседателот на Надзорнот одбор на МРТ Дарко Стефановски со констатација дека Надзорниот одбор на своја седница го разгледа годишниот финансиски извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во 2017 година, и генерално истиот го цени како позитивен, со забелешка по однос на остварувањето приход од секторот Маркетинг во МРТ кој ни се провлекува константно секоја година.
Претседателката отвори расправа по однос на Финансискиот извештај
За збор се јави членот Ведат Мемедалија со прашање по однос на страна 10 од Извештајот а по однос на остварените средства по основ на програма во 2017 година има огромна разлика во псоредба со 2016 однсоно во овој Финансиски извештај има околу 110.000,000 денари неоставрен по однос на програма и таквиот податок треба да е загрижувачки и како Програмски совет за истово треба да се задолжиме да се исправи во наредната година.

По расправата Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2017 година беше ставен на гласање.

■ Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2017 година година беше ставен на гласање

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2017 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет.

**ТОЧКА 4: Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2017-31.12.2017 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за план и анализа во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2017-31.12.2017 година.
Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2017-31.12.2017 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2017-31.12.2017** година беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2017-31.12.2017 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет.

ТОЧКА 5: **Нацрт ревизорски извештај од независен овластен ревизор Ефект плус.**
Претседателката на советот Смилка Јанеска саракањац го повика претставникот на овластениот ревизор Ефект плус да се вклучи во расправата.
Претставникот на овластениот ревизор Ефект плус даде свое видување,и го објасни Ревизорскиот извештај пред присутните членови и притоа додаде дека во текстот на Извештајот се нотирани три прашања,од кои за истакнување е првата белешка околу наплатата на Радиодифузната такса и тука советот треба најмногу да се задржи.
Претседателот на Надзорниот одбор истакна дека тие предходно го разгледале на своја седница Извештајот на независниот ревизор, и дека истиот го оцениле како најдобар и најпрецизен досега,а додека по однос на првата точка од Ревизорскиот извештај е многу добро и пластично објаснето, и истото би било добро како што е објаснето во Ревизорскиот извештај тоа да се вметне и како официјален став на МРТ, и како таков би било добро да се испрати до основачот-Собранието на РМ и до Владата на РМ како и сите релевантни институции.
По завршување на распрвата се констатира дека Програмскиот совет го разгледа Нацрт ревизорски извештај од независен овластен ревизор Ефект плус**.**

ТОЧКА 6:**Разгледување и доставување на предлози за измена и дополнување на Предлог Законот за изменување и дополнување на законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2018).**
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац пред присутните објасни дека поради многу измени извршени врз Предлог Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во изминатиот период не се земени во предвид предлозите кои беа усвојувани на минатите седници на советот и затоа е направен нов драфт на Прелог забелешки кон Предлог Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2018) и истиот беше доставен до членовите на советот на разгледување.
Расправта продолжи со разгледување на секој предлог поединечно,а по спроведеното гласање поединечно по секој предлог со мнозинство гласови беа усвоени следниве предлози:

1. Да се избрише додадениот став 10 од член 28 од Предлог законот во врска со член 105 од Зконот за ААВМУ.

Член 28
Членот 105 се менува и гласи:

„Член 105
Финансирање на МРТ
...
(10) Начинот на финансирање на програмските сервиси и финансиското управување ќе се уреди со Деловникот и подзаконските акти донесени од страна на Програмскиот совет.“

**Образложение:**
Да се избрише додадениот став 10 од член 105 бидејќи со уредувањето на Деловникот или подзаконски акти Програмскиот совет ќе упадне во надлежностите на Директорот каде тој раководи со финансиите (член 132 Надлежности на директорот на МРТ), бидејќи сметаме дека регулацијата на „финансиското управување“ претставува мешање на надлежностите на Програмскиот совет и директорот на МРТ, односно Програмскиот совет треба да да му каже преку деловникот како да управува и раководи со финансиите на МРТ, за кој директорот е надлежен.

2. Член 30 од Предлог законот, во врска со Членот 107, став 6 и став 7 се менува и гласи:
(6) МРТ го обезбедува програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден во Законот за Собранието на Република Македонија.
(7) Уредувачката одговорност за Собранискиот канал од ставот (6) на овој член ја има МРТ, а програмската шема на Собранискиот канал се усогласува во соработка со Собранието на Република Македонија.

И бараме да гласат:

(6) МРТ го обезбедува програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден во Законот за Собранието на Република Македонија.
(7) Програмската одговорност за Собранискиот канал од ставот (6) на овој член ја има Собранието на Република Македонија.

**Образложение:**
Обврските за ставот 6 и 7 произлегуваат од Законот за Собранието на Република Македонија, Член 32, став (1): Собранието има програмска одговорност за емитување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието.

3. Член 119 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за да се укине.

**Образложение:**
Практиката на други земји, вклучително и земји од ЕУ е да има член во управувчките тела кој е претставник на вработените.

4. Член 30 во врска со Членот 107, став 1 се менува и гласи:
Програми и програмски сервиси од јавен интерес што ги обезбедува МРТ
(1) МРТ во Република Македонија обезбедува најмалку **ДВА** (еден) телевизиски програмски сервис на македонски јазик, еден телевизиски програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик, кои ќе емитуваат програма 24 часа секој ден во неделата, како и еден телевизиски програмски сервис кој ќе емитува програма на јазиците на другите не мнозински заедници во Република Македонија.

Еден се заменува со два.

**Образложение:**
Поради преобемност на програмското време потребен минимум е уште еден телевизиски канал на македонски јазик.

5. **Член 46 од Предлог законот гласи:**

Процентите пропишани со член 28 коишто се однесуваат на измени на член 105, а со кои во став (1) се определува висината на износот издвоен од Буџетот на Република Македонија, за секоја година поединечно ќе изнесуваат:

- 2018 година издвојувањето од Буџетот ќе изнесува 0,7%,

- 2019 година издвојувањето од Буџетот ќе изнесува 0,8%,

- 2020 година издвојувањето од Буџетот ќе изнесува 0,9%,- почнувајќи од 2021 година ќе изнесува 1%.

Процентите од ставот (1) на овој член ќе се реализираат доколку со тоа не се нарушува праведната распределба на буџетските средства и не влијаат врз средствата планирани за сите буџетски расходни ставки.

Предлагаме да се избрише последниот став: Процентите од ставот (1) на овој член ќе се реализираат доколку со тоа не се нарушува праведната распределба на буџетските средства и не влијаат врз средствата планирани за сите буџетски расходни ставки.

**Образложение:**
Висината на да не зависи од политичката волја на владеачката гарнитура, за да се оневозможи политичко влијание.

После расправата и усвојувањето на предлозите беше предложено и едногласно усвоено иситите да бидат испратени до Министерството за информатичко општество и до Комисијата за транспорт,врски и екологија при Собранието на РМ.

ТОЧКА 7: **Разно.**
По оваа точка од денвниот ред немаше расправа.

Седницата заврши во 13:00 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател